РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
Бр. 33 - 1011/1
07 - 02 2025 год.
Скопје

Врз основа на членот 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 , 110/19 и 121/24) и член 64 став (3) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24), министерот за култура и туризам донесе:

# УПАТСТВО

## за условите и начинот на финансирање проекти од национален интерес од областа на меѓународната културна соработка или од областа на заштитата на културното наследство, кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните конкурси на Министерството за култура и туризам за 2025 година

Член 1

Со ова упатство се пропишуваат условите и начинот на финансирање проекти од национален интерес од областа на меѓународната културна соработка или од областа на заштитата на културното наследство, кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за меѓународна дејност и за областа на заштитата на културното наследство на Министерството за култура и туризам за 2025.

Член 2

Барањето за финансирање проекти од национален интерес од областа на меѓународната културна соработка или од областа на заштитата на културното наследство за кој не е поднесена пријава на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес, од аспект на формално-правна оправданост -за постоење на објективни причини, јго утврдува надлежниот Сектор за меѓународната културна соработка и соработка со УНЕСКО односно Секторот за заштита на културното наследство. Објективните причини во меѓународната културна соработка подразбираат поканата/ преписката за претставување на барателот во странство да е добиена по завршувањето на Годишните конкури за финансирање на проекти од национален интерес во културата за меѓународна дејност. Објективните причини во заштитата на културното наследство се итни и неодложни работи во заштитата на културното наследство кои не можеле да се предвидат за време траење на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за областа на заштитата на културното наследство.

Кон барањето од став 1 на овој член се доставува задолжителна документација со која се докажува исполнувањето на условите, приоритетите и критериумите кои се содржани во Годишните конкурси за меѓународна дејност и заштита на културното наследство за тековната година на Министерството за култура и туризам.

Барањата кои веќе биле одбиени или отфрлени во рамките на Годишните конкурси на Министерството за култура и туризам нема да бидат разгледувани.

Барањата на правните лица кои на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата веќе поднеле пријави за вкупно 4 проекти нема да се разгледуваат

Барањата на правните лица кои на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за меѓународна дејност веќе поднеле пријави за два проекти нема да се разгледуваат.

Барањата на правните лица кои на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за областа на заштита на културното наследство веќе поднеле пријава за 2 (два) проекти нема да се разгледуваат.

Барањата на физичките лица кои на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за областа на заштита на културното наследство веќе поднеле пријави за два проекти нема да се разгледуваат.

Во областа на меѓународната дејност во 2025 по овој основ на еден ист барател може да му биде поддржан најмногу еден проект.

Во областа на заштита на културното наследство во 2025 година по овој основ на еден ист барател може да му биде поддржан најмногу еден проект. Во областа на заштита на културното наследство по овој основ во 2025 година можат да бидат поддржани најмногу пет проекти.

По утврдувањето на постоење на формално-правна оправданост на барањето од став 1 на овој член, истото се доставува до надлежната стручна комисија, која во рок од 15 дена изготвува Извештај согласно член 63 од Законот за култура, кој се доставува до министерот за култура и туризам. По добивањето на Извештајот, во рок од 15 дена, министерот за култура и туризам во согласност со член 65 став 3 од Законот за култура одлучува за проектите од национален интерес од областа на меѓународната културна соработка односно од областа на заштитата на културното наследство, кои од објективни причини не можеле да бидат доставени на Годишните Конкурси на Министерството за култура и туризам за тековната година

По донесувањето на Решението за избор на проектот, министерот за култура и туризам со субјектот склучува Договор согласно член 67 од Законот за културата.

На постапката за финансирање, наменското користење на средствата добиени од Министерството за култура и туризам, доставувањето на Извештајот за реализација на проектот и следењето на реализацијата на склучениот Договор, соодветно се применуваат одредбите од членовите 68 и 69 од Законот за култура.

Член 3

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР,

Зоран Љутков

Изработиле: Ирина Димовска
Елена Павлова
Согласен: Весна Илиевска